( Образец ПП……)

**До: <u>ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА</u>**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

______________________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: <u>Член 25 од Законот за младинско учество и младински политики, бр. 08-327/1, од 14 јануари 2020 година, во став 2, јасно се наведува дека: „Од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво“. **Согласно со овој правен акт, дали вашата Општина предвидува финасирање за спроведување на горенаведениот закон во 2024 година?** Доколку ДА, ве замолувам наведете го точниот финансиски износ. Воедно, наведете ги досегашните активности коишто Општината ги донела согласно нејзините надлежности од истиот закон</u>.
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

______________________________________________________________________

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] година, имателот на информацијата Општина Гевгелија го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, бр.18-212/1 од 02.02.2024 год., доставено до имателот на информации Општина Гевгелија,

Се УВАЖУВА.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] поднесено на 02.02.2024 година, имателот на информацијата Општина Гевгелија позитивно одговори на поднесеното барање кое се однесува на барање до општинската администрација, односно барање на информација за:

**Член 25 од Законот за младинско учество и младински политики, бр. 08-327/1, од 14 јануари 2020 година, во став 2, јасно се наведува дека: „Од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво". Согласно со овој правен акт, дали вашата Општина предвидува финасирање за спроведување на горенаведениот закон во 2024 година? Доколку ДА, ве замолувам наведете го точниот финансиски износ. Воедно, наведете ги досегашните активности коишто Општината ги донела согласно нејзините надлежности од истиот закон.**

Барањето е разгледано и согласно поднесеното барање и доставените информации од одговорните службени лица, на барателот му се доставува одговор на поднесеното барање.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Гевгелија, 07.07.2024 година, под бр.18-212/3.

По овластување
на Градоначалник на Општина Гевгелија
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Томе Јанкуловски

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 18-212/2**
**07.02.2024 год.**
**Гевгелија**

**До**
[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Гевгелија

**ВРСКА:** архивски број на примено барање 18-212/1 од 02.02.2024 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019), а во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, во прилог ви доставуваме информација по наведеното ваше барање: кое гласи:

Член 25 од Законот за младинско учество и младински политики, бр. 08-327/1, од 14 јануари 2020 година, во став 2, јасно се наведува дека: „Од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво". **Согласно со овој правен акт, дали вашата Општина предвидува финасирање за спроведување на горенаведениот закон во 2024 година?** Доколку ДА, ве замолувам наведете го точниот финансиски износ. Воедно, наведете ги досегашните активности коишто Општината ги донела согласно нејзините надлежности од истиот закон.

Врз основа на доставеното барање, Ви доставуваме одговор на вашето барање:

Општина Гевгелија, согласно член 25, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики, има издвоено буџет во висина од 0,1% односно 270.544 денари и е вграден во Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и службеникот за млади во делокругот на млади за 2024 година.

Програмата е објавена на веб-страната на Општина Гевгелија:

https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Programa-za-mladi-24.pdf

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Од Законот, Општина Гевгелија ги има имплементирано следниве активности:

- назначен службеник за млади,
- конституиран Локален младински совет согласно постапката за формирање по Прирачникот за Локални младински совети,
- донесени Програми за работа на ЛМС,
- подготвени Извештаи за работа на ЛМС, на Општина Гевгелија и службеникот за млади, усвоени на Совет на Општина Гевгелија и доставени до Агенција за млади и спорт,
- отворена Канцеларија за млади.

Податоците за реализираните активности можат да се најдат на следните линкови:

https://www.gevgelija.gov.mk/%d0%bb%d0%be%d0%ba%d0%b0%d0%bb%d0%b5%d0%bd-%d0%bc%d0%bb%d0%b0%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d1%81%d0%be%d0%b2%d0%b5%d1%82/

https://www.gevgelija.gov.mk/%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d0%b8/

Изготвил:
Томе Јанкуловски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Доставено до:
- насловот
,архива

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843

**Во [redacted] 26.01.2024 година**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)